ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА
Бр. 05-23/1
04.01 2018 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство,трговија
и услуги **ЕКОС** ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0307/376
04.01. 2018 год.
ТЕТОВО

ДОГОВОР
за набавка на
ПРОИЗВОДИ ОД ХАРТИЈА И ПРИБОР ЗА АРХИВИРАЊЕ

Склучен на ден 04.01.2018 година помеѓу:

1.ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ, Мајка Тереза 17,Скопје со даночен број 4030007645580 претставуван од Прим. д-р сци мед Нина Цаца Биљановска и М-р Марко Шопов како договорен орган во понатамошниот текст, од една страна и

2.ЕКОС ДООЕЛ Тетово, ул. Предраг Јанчевски бр.26,Тетово со даночен број 4028990103786 и ЕМБС 4169603 претставуван од директорот Мирко Савиќ како носител на набавката во понатамошниот текст, од друга страна.

1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на стоки **842/2017 ПРОИЗВОДИ ОД ХАРТИЈА И ПРИБОР ЗА АРХИВИРАЊЕ** согласно тендерската документација број 05-842/3 од 15.12.2017 година за потребите на ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА- Скопје.

Договорниот орган нарачува од носителот на набавката да ги набави и да му ја испорача стоката согласно понудата, со квалитет и технички карактеристики содржани во спецификацијата, кои се составен дел на документацијата што ја приложи носителот на набавката при давањето на понудата.

Рокот на времетраење на договорот почнува да тече со денот на заверката на договорот во евиденција на договорниот орган и изнесува 365 дена.

2. ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 2

Вкупната цена на договорната јавна набавка за **842/2017 ПРОИЗВОДИ ОД ХАРТИЈА И ПРИБОР ЗА АРХИВИРАЊЕ** за дел 1 изнесува **63.900,00 денари** за кој договорниот орган е согласен за испорачаната стока од член 1 од овој договор да ја плати на носителот на набавката во која цена не е содржан и пресметаниот данок на додадена вредност.

Износот на данокот на додадена вредност изнесува **11.502,00 денари**. Данокот на додадена вредност е променлива категорија и ќе зависи од законската регулатива.

Договорниот орган е согласен плаќањето да го изврши во рок од 30 дена од денот на квалитативниот и квантитативниот прием на стоката, односно приемот на фактурата согласно динамиката на испорака.

Цените се фиксни за целото времетраење на договорот.

Детален приказ на вкупната цена и техничките карактеристики е даден во следнава листа на цени:

ДЕЛ 1 – ПРОИЗВОДИ ОД ХАРТИЈА

Ред број	Опис	Производител, земја на потекло и ознака	Единица мерка	Количина	Единечна цена без ДДВ	Вкупна цена без ДДВ	ДДВ износ
1	Фотокопирна хартија бела, А4 формат,минимум 1/500, 80g/m^2,	Тип топ Кина Фотокоп А4	топ	500	123,22	61.610,88	11.089,96
2	Деловодник, Б4 формат од минимум 300 листа	Тирекс Македонија Деловодник од 300л.	парче	2	250,45	500,90	90,16
3	Завршна сметка за корисник на средства од буџетот и фондовите (образец)	Мак.Биро Македонија Годишна сметка	комплет	12	100,18	1.202,16	216,39
4	Коверти големи Б4, со димензии 250x353 со лента самолепливи	Тип топ Кина Коверт Б4	парче	300	1,95	586,05	105,49
ВКУПЕН ИЗНОС:						**63.900,00**	**11.502,00**

3.РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 3

Носителот на набавката се обврзува рокот на извршување на договорот, односно динамиката на испораката на договорниот орган да биде сукцесивно, според писменото барање што ќе го доставува договорниот орган според неговите потреби и можности во рок од 5 дена од доставувањето на барањето.

Договорниот орган не е обврзан во целост да ја нарача/исполни тендерската количина.

4. НАЧИН НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорените страни се согласни да го исполнат договорот на начин предвиден со договорот и позитивните прописи.

Член 5

Доколку договорот неправилно се исполнува или дојде до пречекорување на договорните рокови, како и за други недостатоци, виновната странка е во обврска на другата странка да и ги надомести претрпените штети.

Договорената казна не може да надмине 10% од вкупната цена определена со член 2 на овој договор.

5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 6

Овој договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорени страни .

Договорот може да се раскине пред неговото извршување само договорно од двете страни, под услови предвидени со Законот за обликациони односи.

Ако нешто не е изрично одредено со овој Договор за двете договорени страни важат одредбите од Законот за облигациони односи

Член 7

Во случај на спор кој не може да се реши договорно помеѓу странките ќе решава надлежниот суд.

Член 8

Овој договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна странка.

Договорни странки

ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ		**ЕКОС ДООЕЛ ТЕТОВО**
Директор,	**Директор,**	**Директор,**
Прим. д-р сци. мед Нина Цаца Биљановска	**М-р Марко Шопов**	**Мирко Савиќ**